**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | **Градоначалник на Град Скопје** |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | **Сектор за сообраќај** |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | **Секретар на Град Скопје** |
| **ПОВЕРЕНИК:** | **Претставник од Сектор за сообраќај** |

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

## за набавка на еко автобуси

Скопје, март 2025

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), Советот на Град Скопје на ____________________ седница, одржана на _________________ 2025 година, донесе

# ОДЛУКА

## за набавка на еко автобуси

Член 1

Со оваа одлука Град Скопје ја утврдува потребата за набавка на еко автобуси.

Член 2

Средствата за набавката од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје.

Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Град Скопје да ја спроведе набавката согласно Законот за јавните набавки.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број_________________
______ 2025 година

Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Со цел дополнително да се поттикне визијата за модерно Скопје, овозможувајќи лесно достапен и современ јавен превоз, притоа водејќи грижа за квалитетот на живеење и животната средина, наша обврска и приоритет во работењето е да инвестираме во еко автобуси со цел поефикасно извршување на јавниот превоз. Со донесување на оваа одлука ќе се утврди потребата Град Скопје да изврши набавка на еко автобуси.

Крајна цел за донесување на оваа одлука е да се обезбеди нов градски превоз во главниот град, преку ефикасна и економска транспортна мрежа. Воведувањето на еколошки автобуси ќе го намали загадувањето на воздухот и ќе обезбеди брз, безбеден и квалитетен превоз, кој ќе го подобри квалитетот на животот на граѓаните.

Воедно ќе ги поддржи напорите на градот во справување со предизвиците на јавниот превоз на поефикасен и структуиран начин, преку подготовка и имплементација на одржлив урбан план на мобилност, кој ќе води кон подобрување на јавниот транспорт и ќе го направи поатрактивен, се со цел да се намали користењето на приватните автомобили.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за набавка на еко автобуси.